**О П Ш Т И Н А   Г Е В Г Е Л И Ј А**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

17 Октомври 2019 година, Гевгелија    Број 11    Година XXXIX

Врз основа на член 36 став (1) точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02г.), а во врска со член 36 став (4) од Законот за буџетите ("Службен весник на РМ" бр.64/05, 04/08, 103/08, 15/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16г.) и член 38 став (1) точка 4 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14г.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 16.10.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за пренамена на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши пренамена на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година, кој што е објавен во ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.15/2018г., 03/2019 и 05/2019 год.), во делот на буџетот на **блок дотацијата**, на следниот начин:

Потпрограма и назив на програмата

| Потставка и опис на потставката | Буџет | Самофинанс. | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Се намалува потставката во следната потпрограма во блок дотацијата -930 : | | | | | |
| **Ѕ00 ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА** | | | | | |
| **401130 Основни плати-други вработени** | | | **390.000** | | |
| 2. Се зголемува следната потпрограма со следната потставка во блок дотацијата-930 | | | | | |
| **Ѕ00 ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА** | | | | | |
| **402110 Основни придонеси за ПИО** | | | **390.000** | | |

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", и е составен дел на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година.

Бр.09-1644/1
16.10.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 40 став (1) алинеа 2, членови 53 и 54 од Статутот на општина Гевгелија ( "Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 16.10.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување и избор на член во Комисијата за прашања на избори и именувања на Советот на општина Гевгелија**

1.Се разрешува Ташко Дојчинов од функцијата член на Комисијата за прашања на избори и именувања при Советот на општина Гевгелија.

2. За нов член на Комисијата за прашања на избори и именувања се избира **Петар Јанчев**, член на Советот на општина Гевгелија.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1645/1
16.10.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 40 став (1) алинеа 4, членови 53 и 54 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 16.10.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување и избор на член на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина при Советот на општина Гевгелија**

1.Се разрешува Ташко Дојчинов од функцијата член на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина при Советот на општина Гевгелија.

2. За нов член на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина се избира **Петар Јанчев**, член на Советот на општина Гевгелија.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1646/1
16.10.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 42 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.10.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување членови во Локалната комисија за борба против недозволена трговија со луѓе и илегална миграција во општина Гевгелија**

1.Од функцијата членови на Локалната комисија за борба против недозволена трговија со луѓе и илегална миграција во општина Гевгелија се разрешуваат:
-**Ташко Дојчинов**, поранешен член и претседател на Советот на о.Гевгелија, и
- **Мирјана Костадинова**, член од СГРМ РЦ "ЈУГ"-гранична полиција, во пензија.

2. На функцијата член на Локалната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во општина Гевгелија се именуваат следниве лица:
- **Тодор Ристов**, претседател на Советот на општина Гевгелија, и

**- Пепи Еленски**, член од РЦ за ГР "ЈУГ" - Кавадарци.

3. Претседателот на Советот на општина Гевгелија по функција ќе биде и Претседател на Локалната комисија за борба против недозволена трговија со луѓе и илегална миграција во општина Гевгелија.

4.Примерок од ова Решение да се достави до разрешените и новоименуваните членови.

5..ОваРешение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1647/1
16.10.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 114 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13 год.) и член 38 став (1) точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 16.10.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За разрешување и именување членови на Одборот за надзор за вршење на внатрешна контрола на материјално-финансиското работење на Јавната општинска установа за деца Детска градинка "Детска Радост"-Гевгелија**

1. Од функцијата членови на Одборот за надзор за вршење на внатрешна контрола на материјално-финансиското работење на Јавната општинска установа за деца Детска градинка "Детска Радост"-Гевгелија, поради поднесени оставки од лични причини, **се разрешуваат**:

- Јован Проев, дипл.економист од Гевгелија, и
- Антонија Трампова, дипл.економист од Гевгелија.

2. На функцијата член на Одборот за надзор за вршење на внатрешна контрола на материјално-финансиското работење на Јавната општинска установа за деца Детска градинка "Детска Радост"-Гевгелија **се именуваат**:

**-Дејана Ускова** – м-р по економски науки од областа на МБА менаџмент од Гевгелија, и

**-Здравко Станојковиќ** – дипл.економист, приватен стопанственик од Гевгелија.

3.Примерок од Решението да се достави до разрешените и новоименуваните членови.

4.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија"

Бр.09-1648/1
16.10.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 38, став (1) точка 44 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06, 8/10 и 18/14 год.) и член 3 од Одлуката за востановување и доделување на општинската награда „7-ми Ноември"

(„Службен гласник на општина Гевгелија" бр.15/09 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.10.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За доделување општинска награда „7-ми Ноември"**

**I**

За значајни постигнувања од областа на музичката уметност, културата, воспитанието и образованието, за придонес во развојот на музичката култура кај младите, за афирмацијата на општината преку учество на голем број манифестации и фестивали на кои има освоено бројни награди и признанија, за афирмација на македонското музичко творештво и негово збогатување со свои авторски песни, како и придонесот во формирање на КУД „Распеани гевгеличани", наградата „7-ми Ноември", постхумно, се доделува на

**АЛЕКСАНДАР Т. ПОПОВ од Гевгелија**
**ЗА ЖИВОТНО ДЕЛО**

**II**

За постигнувањата од точка I на ова Решение се доделуваат средства во износ од 125.520,00 денари.

**III**

Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-1649/1
16.10.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 44 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 25/06, 8/10 и 18/14 год.) и член 3 од Одлуката за востановување и доделување на општинската награда „7-ми Ноември" („Службен гласник на општина Гевгелија" бр.15/09 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.10.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За доделување општинска награда „7-ми Ноември"**

**I**

За значајни постигнувања од областа музичката уметност, културата, воспитанието и образованието, како истакнати музички педагози и основоположници на организираниот музички живот во Гевгелија, за афирмацијата на општината преку организација и учество на голем број концерти на класична музика, учество на голем број манифестации и фестивали на кои имаат освоено бројни награди и признанија, наградата „7-ми Ноември", се доделува на

**професор ЉУБИЦА и професор ЃОРГЕ УЛИШЕВИ**
**во вид на ЗЛАТНА ПЛАКЕТА**

II

За постигнувањата од точка I на ова Решение се доделуваат средства во износ од 75.312,00 денари.

III

Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Гевгелија“.

Бр.09-1650/1
16.10.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Тодор Ристов с.р.*

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 44 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија“ бр. 25/06, 8/10 и 18/14 год.) и член 3 од Одлуката за востановување и доделување на општинската награда „7-ми Ноември“ („Службен гласник на општина Гевгелија“ бр. 15/09 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.10.2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За доделување општинска награда „7-ми Ноември“**

I

За значајни постигнувања од областа на културата, посебен придонес за развој и афирмација на општината преку реализација на манифестацијата „Смоквијада“ која стана нејзин заштитен бренд во земјата и надвор од неа, за негување на традицијата и автентичноста на поднебјето и придонесот во зачувување на културните вредности, наградата „7-ми Ноември“, се доделува на

**Здружение на граѓани „ТЕРА“ Гевгелија**
**во вид на ЗЛАТНА ПЛАКЕТА**

II

За постигнувањата од точка I на ова Решение се доделуваат средства во износ од 75.312,00 денари.

III

Ова Решение влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Гевгелија“.

Бр.09-1651/1
16.10.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Тодор Ристов с.р.*

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 44 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10 и 18/14 год.) и член 3 од Одлуката за востановување и доделување на општинската награда „7-ми Ноември“ („Службен гласник на општина Гевгелија“ бр.15/09 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.10.2019 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За доделување општинска награда „7-ми Ноември“**

I

За значајни постигнувања од областа на културата, за долгогодишно негување на македонскиот фолклор, традиција и култура, за негување и зачувување на македонското културно наследство преку своите уникатни носии, за развој на културниот живот во општината посебно преку вклучување на голем број деца и млади, и организирање на голем број манифестации, наградата „7-ми Ноември“, се доделува на

**Ансамбл „БОЈМИЈА“ Гевгелија**
**во вид на СРЕБРЕНА ПЛАКЕТА**

II

За постигнувањата од точка I на ова Решение се доделуваат средства во износ од 37.656,00 денари.

III

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Гевгелија“.

Бр.09-1652/1
16.10.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Тодор Ристов с.р.*

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 44 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија“ бр. 25/06, 8/10 и 18/14 год.) и член 3 од Одлуката за востановување и доделување на општинската награда „7-ми Ноември“ („Службен гласник на општина Гевгелија“ бр. 15/09 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.10.2019 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За доделување општинска награда „7-ми Ноември“**

I

За значајни постигнувања од областа на културата, за долгогодишно негување на македонскиот фолклор, традиција и култура, за негување и зачувување на македонското културно наследство преку своите уникатни носии, за развој на културниот живот во општината посебно преку вклучување на голем број деца и млади и организирање на голем број манифестации, наградата „7-ми Ноември“, се доделува на

**Културно уметничко друштво „ТАНЕЦ“ Миравци**
**во вид на СРЕБРЕНА ПЛАКЕТА**

II

За постигнувањата од точка I на ова Решение се доделуваат средства во износ од 37.656,00 денари.

III

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Гевгелија“.

Бр.09-1653/1
16.10.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 38, став 1, точка 44 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија“ бр. 25/06, 8/10 и 18/14 год.) и член 3 од Одлуката за востановување и доделување на општинската награда „7-ми Ноември“ („Службен гласник на општина Гевгелија“ бр. 15/09 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.10.2019 година, донесе

## **Р Е Ш Е Н И Е**
### **За доделување општинска награда „7-ми Ноември“**

I

За значајни постигнувања од областа театарската уметност, за особен придонес во развојот на театарскиот живот во Гевгелија, за афирмација на Гевгелија на државно и меѓународно ниво преку бројни награди и признанија во категоријата најдобра театарска претстава и најдобар актер, наградата „7-ми Ноември“ се доделува на

**Театарска група „ДОН КИХОТ“ Гевгелија**
**во вид на СРЕБРЕНА ПЛАКЕТА**

II

За постигнувањата од точка I на ова Решение се доделуваа средства во износ од 37.656,00 денари.

III

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Гевгелија“.

Бр.09-1654/1
16.10.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

## **С О Д Р Ж И Н А**

1.Одлука за пренамена на Буџетот на општина Гевгелија за 2019 година ........ 673
2.Решение за разрешување и избор на член во Комисијата за прашања на избори и именувања на Советот на општина Гевгелија ........................................ 673
3.Решение за разрешување и избор на член на Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина при Советот на општина Гевгелија .................................................................................. 674

4.Решение за разрешување и именување членови во Локалната комисија за борба против недозволена трговија со луѓе и илегална миграција во општина Гевгелија ........................................................................................................................ 674
5.Решение за разрешување и именување членови на Одборот за надзор за вршење на внатрешна контрола на материјално-финансиското работење на ЈОУ ДГ "Детска радост" Гевгелија ........................................................................................ 675
6.Решение за доделување општинска награда "7-ми Ноември" на Александар Т.Попов од Гевгелија за животно дело ................................................................ 676
7.Решение за доделување општинска награда "7-ми Ноември" на професор Љубица и професор Ѓорге Улишеви во вид на златна плакета .................................... 676
8.Решение за доделување општинска награда "7-ми Ноември" на ЗГ "Те-Ра" во вид на златна плакета ........................................................................................................ 677
9.Решение за доделување општинска награда "7-ми Ноември" на Ансамбл "Бојмија" Гевгелија во вид на сребрена плакета .................................................... 678
10.Решение за доделување општинска награда "7-ми Ноември" на КУД "Танец" Мировци во вид на сребрена плакета ..................................................................... 678
11.Решение за доделување општинска награда "7-ми Ноември" на Театарска група "Дон Кихот" Гевгелија во вид на сребрена плакета ........................................ 679

**"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба**
**Уредува и издава: Општина Гевгелија - Одделение за стручно-административни и општи работи и Одделение за правни работи,ул."Димитар Влахов"4 Гевгелија**